# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## Општина Гази Баба

16 јануари 2015 | Излегува по потреба | Година X | број 1



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА КОНСТАТИРАЊЕ ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Заклучокот за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 16.01.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-148/1**
**од 16.01.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 46 став (1) алинеја 2 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и шестата седница одржана на ден 16.01.2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

### ЗА КОНСТАТИРАЊЕ ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

1. Советот на Општина Гази Баба констатира престанок на мандатот на членот на Советот на Општина Гази Баба - **ДИМИТАР СТЕФАНОВСКИ**, избран за советник од утврдената листа на кандидати за избор на советници во Советот на Општина Гази Баба - коалиција "СОЈУЗ ЗА ИДНИНАТА" бр.11-43/1 од 08.03.2013 година.

2. Ден на престанување на мандатот на членот на Советот е 10.01.2015 година.

3. Заклучокот да се достави до Министерство за локална самоуправа, Државна комисија за спречување на корупција, Заедница на единици на локалната самоуправа, Државна изборна комисија, Општинска изборна комисија Гази Баба и сектор за финансиски прашања на општината.

4. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-43/3**
**од 16.01.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ
НА ВЕРИФИКАЦИОНАТА КОМИСИЈА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештајот на Верификационата комисија, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 16.01.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-148/2
од 16.01.2015 година
Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот на Верификационата комисија, бр.07-78/2 од 15.01.2015 година, Советот на Општината Гази Баба на Дваесет и шестата седница одржана на ден 16.01.2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ НА ВЕРИФИКАЦИОНАТА КОМИСИЈА

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот на Верификационата комисија, бр.07-78/2 од 15.01.2014 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-43/4**
**од 16.01.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 16.01.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-148/3**
**од 16.01.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 13 и член 14 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/13), член 6 и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и шестата седница одржана на ден 16.01.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Се верифицира мандатот на членот на Советот на Општина Гази Баба:

**- ЃОРЕ СТОЈКОВСКИ.**

**Член 2**

Одлуката да се достави до Министерство за локална самоуправа, Државна комисија за спречување на корупција, Заедница на единици на локалната самоуправа, Државна изборна комисија, Општинска изборна комисија Гази Баба и секторот за финансиски прашања на општината.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-43/5**
**од 16.01.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 16.01.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-148/4**
**од 16.01.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (1) точка 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14 и 138/14), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - Скопје, бр.02-125/6 од 25.12.2014 година, Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и шестата седница одржана на ден 16.01.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ

### Член 1

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007" - Скопје, донесена од Управниот одбор на ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007" - Скопје, бр.02-125/6 од 25.12.2014 година.

### Член 2

Одлуката да се достави до ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - Скопје.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-43/6**
**од 16.01.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОЧЕТОК И ЗАВРШЕТОК НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ ВО ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на почеток и завршеток на работното време во ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 16.01.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-148/5**
**од 16.01.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 67 став (6) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14 и 144/14), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по барањето на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.07-52/1 од 09.01.2015 година, Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и шестата седница одржана на ден 16.01.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОЧЕТОК И ЗАВРШЕТОК НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ ВО ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ,**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба утврдува почеток и завршеток на работното време во ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 2**

Почеток на работното време во детската градинка е 06 часот.

Завршеток на работното време во детската градинка е 18 часот.

**Член 3**

Одлуката да се достави до Управниот одбор на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-43/7**
**од 16.01.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОЧЕТОК И ЗАВРШЕТОК НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ ВО ЈУДГ ''25 МАЈ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на почеток и завршеток на работното време во ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 16.01.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-148/6**
**од 16.01.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 67 став (6) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14 и 144/14), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по барањето на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.07-51/1 од 09.01.2015 година, Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и шестата седница одржана на ден 16.01.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОЧЕТОК И ЗАВРШЕТОК НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ ВО ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ,

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба утврдува почеток и завршеток на работното време во ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 2**

Почеток на работното време во детската градинка е 06 часот.

Завршеток на работното време во детската градинка е 18 часот.

**Член 3**

Одлуката да се достави до Управниот одбор на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-43/8**
**од 16.01.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕНА ПРИОРИТЕТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРЕДЛОЖЕН ПРОЕКТ - "ИЗГРАДБА НА РЕЗЕРВОАР ЗА ВИСОКА ЗОНА НА СИСТЕМ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА СЕЛО РАШТАК И ИЗГРАДБА НА ПРИМАРНА И СЕКУНДАРНА ВОДОВОДНА МРЕЖА ЗА СЕЛО РАШТАК"

1. Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет за реализација на предложен проект - "Изградба на резервоар за висока зона на систем за водоснабдување на село Раштак и изградба на примарна и секундарна водоводна мрежа за село Раштак", што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 16.01.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-148/7**
**од 16.01.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 4 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), а во врска со Јавниот повик за доставување на барања за користење на средства од ЕУ ИПА грантот за рурална инфраструктура, бр.01/2015 - објавен од министерството за финансии, Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и шестата седница одржана на ден 16.01.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРЕДЛОЖЕН ПРОЕКТ - ''ИЗГРАДБА НА РЕЗЕРВОАР ЗА ВИСОКА ЗОНА НА СИСТЕМ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА СЕЛО РАШТАК И ИЗГРАДБА НА ПРИМАРНА И СЕКУНДАРНА ВОДОВОДНА МРЕЖА ЗА СЕЛО РАШТАК''**

**Член 1**

Со оваа одлука, Советот на Општина Гази Баба утврдува приоритет за реализација на предложен проект - ''Изградба на резервоар за висока зона на систем за водоснабдување на село Раштак и изградба на примарна и секундарна водоводна мрежа за село Раштак'', согласно Јавниот повик за доставување на барања за користење на средства од ЕУ ИПА грантот за рурална инфраструктура - бр.01/2015, објавен од министерството за финансии.

**Член 2**

Одлуката да се приложи кон проектната документација при аплицирањето во определениот рок, согласно Јавниот повик за доставување на барања за користење на средства од ЕУ ИПА грантот за рурална инфраструктура - бр.01/2015, објавен од министерството за финансии.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07-43/9**
**од 16.01.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ ОД ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС**

1. Се објавува Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 16.01.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-148/8**
**од 16.01.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и шестата седница одржана на ден 16.01.2015 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ ОД ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС

### Член 1

Во Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.12/11), во членот 5 се додава нов став 2 кој гласи:

"На конкурсот може да учествуват и здруженија на граѓани и фондации што вршат дејност од областите во членот 4 на овој правилник, чие регистрирано седиште не се наоѓа на подрачјето на Општина Гази Баба, но кои учествуваат во заеднички проекти со институции и со здруженија на граѓани и фондации чиешто седиште се наоѓа на подрачјето на Општина Гази Баба и реализацијата на заедничките проекти е на подрачјето на Општина Гази Баба. "

### Член 2

Во членот 8 се додава нов став 6 кој гласи:

"Општина Гази Баба склучува договори за меѓусебните права, обврски и одговорности со здруженијата на граѓани и фондации, чии проекти од локален интерес биле избрани на конкурсот од членот 3 на овој правилник и се составен дел на годишните програми на Општина Гази Баба. "

### Член 3

Во членот 10 после зборовите "Градоначалникот на Општина Гази Баба" се става запирка и се додаваат зборовите: "на образец објавен на веб страницата на Општина Гази Баба. "

### Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-43/10**
**од 16.01.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2015 ГОДИНА

1. Се објавува Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2015 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 16.01.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-148/9**
**од 16.01.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 84 став (1) а во врска со член 89 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.17/11, 53/11, 144/12, 25/13, 137/13 и 163/13), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и шестата седница одржана на ден 16.01.2015 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2015 ГОДИНА

**Вовед**

- Општ дел
- Просторен опфат и предмет на Програмата
- Основи за изработка на Програмата
  - Законски основ
  - Основни плански документи
- Лица вклучени во изработка на Програмата

**Глави на Програмата**

1. **Цели на Програмата**
- Општи цели на Програмата
- Конкретни цели на Програмата по урбани блокови, локалитети и населени места

2. **Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по урбанистички план)**
- Листа на градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тие урбани блокови, локалитети и населени места,
- Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тие урбани блокови, локалитети и населени места,
- Детален преглед на градежни парцели (групирани по предвидена активност)
  - а. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање
  - б. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно надавање

3. **Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**
- Дефинирање на целна група за одделни групи на градежни парцели
- Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали
- Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата
- Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата
- Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата

4. **Динамика на реализација на Програмата**
- Број на турнуси за објавување на оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси
- Пропишување на условите за надавање
- Лица надлежни за реализација на Програмата

5. **Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)**

6. **Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)**

7. **Преодни и завршни одредби**

**Содржини и теми во Програмата**

**ВОВЕД**

**Општ дел**

Со донесување на новиот закон за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр.17/11, 53/11, 144/12 , 25/13, 137/13 и 163/13), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Македонија управува Владата на Република Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изграедно комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

**А) Просторен опфат и предмет на Програмата**

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Гази Баба, дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за време на календарска 2015 година, а врз основа на донесените урбанистички планови од страна на Совет на општина Гази Баба, врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програмата се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на следните урбани блокови, локалитети, населени места: Маџари, Хиподром, Железара, Автокоманда, Крсте Мисирков и Источна индустриска зона и тоа согласно следните урбанистички планови и урбанистички плански документации :

| | |
|---|---|
| 1 | ДУП „Маџари-Хиподром“<br>(Одлука на Совет бр, 07-293/3 од 29.01.2008 год) |
| 2 | ДУП „СРЦ Железара“<br>(Одлука на Совет бр, 07-1433/13 од 30.03.2011год) |
| 3 | ДУП „Автокоманда“ УБ 2А<br>(Одлука на Совет бр, 07-6463/5 од 16.12.2008 год) |
| 4 | ДУП за дел од населба Железара, локалитет А- блок 9<br>(Одлука на Совет бр, 07-3329/9 од 09.11.2012год) |
| 5 | ДУП- дел од УЗ Автокоманда, локална самоуправа, дел од комплекс факултети<br>(Одлука на Совет бр, 07-1891/9 од 22.06.2012 год) |
| 6 | ДУП за дел од УЗ „Маџари“, УБ 3 (локалитет кино Маџари)<br>(Одлука на Совет бр, 07-2784/10 од 30.06.2009 год) |
| 7 | ДУП за локалитет Маџари – Опфат 1<br>(Одлука на Совет бр, 07-6463/7 од 16.12.2008 год) |
| 8 | ДУП за СИ 10 (локалитет Хиподром)<br>(Одлука на Совет бр, 07-4426/5 од 17.11.2014 год) |
| 9 | ДУП за дел од МЗ Крсте Мисирков (59)<br>(Одлука на Совет бр, 07-2906/3 од 13.12.2005 год) |
| 10 | ДУП „Автокоманда“ УБ 2Б<br>(Одлука на Совет бр. 07-6463/6 од 06.12.2008 год.) |
| 11 | ДУП за дел од МЗ “Маџари 2” Локалитет КАМНИК, УБ 1<br>(Одлука бр. 07-1038/5 од 14.03.2006 год.) |
| 12 | ДУП за дел од МЗ. „Маџари 2“,УБ 5<br>(Одлука бр. 07-3980/14 од 26.10.2011 год.) |
| 13 | ДУП за дел од населба Железара, локалитет Б- блок 6<br>(Одлука на Совет бр, 07-3980/11 од 26.10.2011 год.) |

**Б) Основи за изработка на Програмата**

- **Законски основ**

Законски основ на програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ 5/02), Закон за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр.17/11, 53/11, 144/12 , 25/13, 137/13 и 163/13) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на општина Гази Баба („Службен гласник на општина Гази Баба“ бр.4/06).

- **Основни плански документи**

Други документи потребни за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:

1. **Стратегија за локален економски развој на Општина Гази Баба за плански период од 2013 до 2016 година.** Визија за општина Гази Баба: ОГБ е дел од главниот град на Република Македонија со граѓани кои се стремат кон конкурентна економија и одржлив економски раст и кои имаат висок квалитет на живеење и здрава животна средина. Главни стратешки цели и приоритети се: Да се подобрат и унапредат условите за живеење во ОГБ; да се прошири и диверзифицира економската база во ОГБ преку зголемување на нивото на инвестиции; да се создаде интегрирана локална заедница. За да се постигнат зацртаните стратешки цели активностите ќе бидат концентрирани на создавање на современа и комплетна инфраструктура и ефикасни јавни услуги за потребите на граѓаните и стопанството; создавање на поволни услови за одржлив економски развој и создавање на поволна инвестициона клима и отварање на нови работни места; зајакнување и

промовирање на релациите на партнерства помеѓу јавниот и приватниот сектор; искористување на локалните ресурси и создавање услови за рекреативен и транзитен туризам; развивање на образовниот процес, културата, здравството, спортот и заштита на животната средина во насока на подобрување на квалитетот на живеење во Општината идентификувани приоритетни области за развој : инфраструктура ; јавни услуги; образование; економски развој и рурален развој.

2. **Подстратегија за рурален развој на ОГБ за периодот 2013 – 2016г.** Во пресрет на отворањето на европската компонента за предпристапна помош за рурален развој ја подготвивме подстратегијата за рурален развој која обезбеди и понуди релевантни информации за сите субјекти во општината што ќе изразат интерес да аплицираат со сопствени проекти за финансиски средства од компонентата за рурален развој. Таа беше конципирана во согласност со визијата и стратешките цели за локален економски развој на општината, притоа третирајќи ги политиките, мерките, активностите, состојбите и условите кои треба да придонесат за подинамичен и одржлив рурален развој.

3. **Локален еколошки акционен план за Општина Гази Баба за плански период од 2013 до 2019 година.** Дефинирање, проценка и презентирање на проблемите од областа на животната средина базирани на ризикот за здравјето, екосистемите и генерално квалитетот на животот, развивање стратегии и активности за намалување на ризиците за животната средина, зголемување на јавната свест и одговорност, зголемување на подршката од јавноста за инвестиции во областа на заштита на животната средина, воспоставување структура за соработка меѓу општествените чинители на локално ниво, создадени услови и локални капацитети за идни инвестиции за решавање на проблемите од областа на животната средина, изработката на ЛЕАП е од корист за локалната самоуправа, локалните бизниси, локалните невладини организации, идентификување и дефинирање на приоритетите и акциите : изградба на канализационен систем за прифаќање и третман на фекалните и атмосферските води, прочистување на одводните канали, уредување на депонија за отпад, загадување на воздухот од индустриски и други загадувачи, мониторинг систем за следење на квалитетот на воздухот, уредување на рекреативно – излетнички центар, селектирање и рециклирање на отпадот, регулирање на диви депонии, заштита на земјоделското земјиште од узурпација, заштита на земјиштето од прекумерна употреба на вештачки ѓубрива и хемиски заштитни средства, план за заштита и обновување на природата, формирање на НВО и здруженија на граѓани за подигање на еколошката свест.

4. **Програма за урбано планирање „Ф“ на општина Гази Баба за 2015 година бр.07-5006/25 од 22.12.2014 година.** Основна цел и задача на урбанистичките планови на подрачјето на општина Гази Баба :
   - оптимална организација и користење на просторот преку негова функционална интеграција, кохезија и рамномерност во развојот,
   - одржливо користење на природните ресурси,
   - заштита на животната средина,
   - хуманизација на условите на живеењето,
   - максимално вклучување во развојните процеси на непосредното и пошироко окружување,
   - промоција на долгорочен и одржлив социо-економски развој,
   - спречување на штетно влијание врз животната средина,
   - различната примена на расположивиот простор и економскиот баланс на регионите,
   - одржувањето и внимателното постапување со природните ресурси,
   - создавање на порационална организација на различните видови на користење на земјиштето, како и нивна меѓусебна поврзаност, со што би требало да се избалансираат потребите од социо-економски развој, квантитативно квалитативна трансформација на содржините во просторот,
   - достигнување на повисок степен на просторна организација,
   - хуманизација на просторот, подобрување на условите за живеење и унапредување на животната средина
   - Функционална, економска и социјална интеграција на Регионот, поврзување со соседните простори поодделно и Републиката во целост;
   - заштита, и користење на продуктивното земјоделско земјиште за примарно производство;

**<u>В) Лица вклучени во изработка на Програмата</u>**

- **Сашо Трајков**- раководител на сектор за локален економски развој,
- **Светлана Јованоска**- раководител на сектор за урбанизам и градежно земјиште,

- **Тина Каровска** -раководител на одделение за докуметирање на градежно земјиште.
- **Стојка Долиќоска**- раководител на одделение за урбанистичко планирање,
- **Васко Апостоловски**- раководител на одделение за поддршка на Советот и работните тела на Советот,
- **Соња Маневска**- раководител на одделение за координација на јавни набавки,
- **Елисавета Најдовска**, помошник раководител на сектор за инспекциски работи - инспекторат,
- **Маја Симоновска-** советник во одделение за докуметирање на градежно земјиште,
- **Васе Јаков-** советник во одделение за докуметирање на градежно земјиште,

**ГЛАВИ НА ПРОГРАМАТА**

**1.Цели на Програмата**

- **Општи цели на Програмата**
  - Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку креирање на просторни услови за развој.
- **Конкретни цели на Програмата по урбани блокови,локалитети и населени места,**
  - Понуда на просторни услови за развој на станбено - резидентни, образовни, деловни, индустриски, рекреативно – спортски градби, како и градби за развој на културата и уметноста.
  - Развој на локалните места и локалитети преку подобрување на квалитетот на живот на населението.
  - Потикнување и привлекување на домашни и странски инвестиции.
  - Динамизирање на економската активност преку искористување на локалните ресурси.
  - Создавање на претпоставки и предуслови за отварање на нови работни места.

**2.Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и урбанистички план)**

- **Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет, идентификувани со број на градежните парцели,**

| Ред. број | Градежни парцели | Намена | Урбан блок, локалитет, населено место | Назив на план | Број на гр. парцели |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 1.9, 2.1, 9.5, 9.9, 11.1, 11.3, 11.4, 11.5, 11.6, 11.8 и 11.59 | А2 – домување во станбени згради | Нас. Хиподром 2 | ДУП „Маџари-Хиподром“ (Одлука на Совет бр, 07-293/3 од 29.01.2008год) | 11 |
| 2 | 9.1 | Б2 – големи трговски единици | Нас. Хиподром 2 | ДУП „МаџариХиподром“ (Одлука на Совет бр, 07-293/3 од 29.01.2008год) | 1 |
| 3 | 1.7 и 1.18 | Д3 – спорт и рекреација | Нас. Железара | ДУП „СРЦ Железара“ (Одлука на Совет бр, 07-1433/13 од 30.03.2011год) | 2 |
| 4 | 1.10 | А4 – времено сместување | Нас. Железара | ДУП „СРЦ Железара“ (Одлука на Совет бр, 07-1433/13 од 30.03.2011год) | 1 |
| 5 | 1.1 | Е2 – катна гаража | Нас. Железара | ДУП „СРЦ Железара“ (Одлука на Совет бр, 07-1433/13 од 30.03.2011год) | 1 |
| 6 | 2.1 | А2 – домување во станбени згради | Нас. Автокоманда | ДУП „Автокоманда“ УБ 2А (Одлука на Совет бр, 07-6463/5 од 16.12.2008год) | 1 |
| 7 | 9.9; 9.10 | А2 – домување во станбени згради | УЗ Железара | ДУП за дел од населба Железара, локалитет А-блок 9 (Одлука на Совет бр, 07-3329/9 од 09.11.2012год) | 2 |
| 8 | 2 | В-4 Органи на локална самоуправа | УЗ Автокоманда | ДУП- дел од УЗ Автокоманда, локална самоуправа, дел од комплекс факултети (Одлука на Совет бр, 07-1891/9 од 22.06.2012год) | 1 |
| 9 | 16,17 и 18 | Б2 – големи трговски единици | Нас. Маџари - Триангла | ДУП за локалитет Маџари – Опфат 1 (Одлука на Совет бр, 07-6463/7 од 16.12.2008год) | 3 |
| 10 | 1.16 | А1 – домување во семејни куќи | МЗ Крсте Мисирков | ДУП за дел од МЗ Крсте Мисирков (59) (Одлука на Совет бр, 07-2906/3 од 13.12.2005год) | 1 |
| 11 | Од 3.2 до 3.16 (8локации) | А1 – домување во семејни куќи | Нас. Хиподром 2 | ДУП „Маџари-Хиподром“ (Одлука на Совет бр, 07-293/3 од 29.01.2008год) | 8 |
| 12 | Од 4.32 до 4.52 (21 локации) | А1 – домување во семејни куќи | Нас. Хиподром 2 | ДУП „Маџари-Хиподром“ (Одлука на Совет бр, 07-293/3 од 29.01.2008год) | 21 |
| 13 | Од 5.2 до 5.41 (23 локации) | А1 – домување во семејни куќи | Нас. Хиподром 2 | ДУП "Маџари-Хиподром " (Одлука на Совет бр.07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 23 |
| 14 | Од 6.1 до 6.37 (32 локации) | А1 – домување во семејни куќи | Нас. Хиподром 2 | ДУП "Маџари-Хиподром " (Одлука на Совет бр.07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 32 |
| 15 | Од 10.1 до 10.28 (21 локации) | А1 – домување во семејни куќи | Нас. Хиподром 2 | ДУП „Маџари-Хиподром“ (Одлука на Совет бр, 07-293/3 од 29.01.2008год) | 21 |
| 16 | Од 11.10 до 11.73 (55локации) | А1 – домување во семејни куќи | Нас. Хиподром 2 | ДУП „Маџари-Хиподром“ (Одлука на Совет бр, 07-293/3 од 29.01.2008год) | 55 |
| 17 | 2.2 | Б 6- градби за собири | Лок. Хиподром | ДУП за СИ 10 (локалитет Хиподром) (Одлука на Совет бр, 07-4426/5 од 17.11.2014 год) | 1 |
| 18 | 1.1 | Б 6- градби за собири | Лок. Хиподром | ДУП за СИ 10 (локалитет Хиподром) (Одлука на Совет бр, 07-4426/5 од 17.11.2014 год) | 1 |
| 19 | 3.10 | В3- дом на култура | УЗ Автокоманда | ДУП „Автокоманда“ УБ 2Б (Одлука на Совет бр. 07-6463/6 од 06.12.2008 год.) | 1 |
| 20 | Од 3.1 до 3.6 и Од 4.2 до 4.15 ( 20 локации) | А1 – домување во семејни куќи | Нас. Маџари-Камник | ДУП за дел од МЗ “Маџари 2” Локалитет КАМНИК, УБ 1 (Одлука бр. 07-1038/5 од 14.03.2006 год.) | 20 |
| 21 | 2.21 | В3- дом на култура | Нас. Маџари 2 | ДУП за дел од МЗ. „Маџари 2“,УБ 5 (Одлука бр. 07-3980/14 од 26.10.2011 год.) | 1 |
| 22 | 6.29 | В2 – здравство и социјална заштита | УЗ Железара | ДУП за дел од населба Железара, локалитет Б-блок 6 (Одлука на Совет бр, 07-3980/11 од 26.10.2011 год.) | 1 |
| 23 | 1.34 | В2 – детска градинка | Нас. Маџари 2 | ДУП за дел од МЗ. „Маџари 2“,УБ 5 (Одлука бр. 07-3980/14 од 26.10.2011 год.) | 1 |
| 24 | 10.13 и 10.14 (2 локации) | В2 –социјална установа | Нас. Хиподром 2 | ДУП „Маџари-Хиподром“ (Одлука на Совет бр, 07-293/3 од 29.01.2008год) | 2 |
| **ВКУПНО** | | | | | **212** |

- **Детален преглед на градежни парцели ( по населено место и по урбанистички план)**
  **А. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање**

- **ДУП „Маџари-Хиподром“ (А2 - домување во станбени згради)**




| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површна под градба | Процент на изграденост | Изградена површина | Коефициент на искористеност | Намена на замјиште | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Паркирање во парцела | Почетна единечна цена/м2 | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.9** | 4247 | 1300 | 30 | 10400 | 2,45 | Домување во станбени згради – А2, Б1 | 25,20/ П+7 | 130 | **2340** | **9.937.980** |
| **2.1** | 5056 | 1427 | 28 | 11416 | 2,26 | Домување во станбени згради – А2, Б1 | 25,20/ П+7 | 120 | **2340** | **11.831.040** |
| **9.5** | 2115 | 483 | 23 | 3864 | 1,83 | Домување во станбени згради – А2, Б1 | 25,20/ П+7 | 38 | **2340** | **4.949.400** |
| **9.9** | 2154 | 483 | 22 | 3864 | 1,79 | Домување во станбени згради – А2, Б1 | 25,20/ П+7 | 38 | **2340** | **5.040.360** |
| **11.1** | 3373 | 483 | 14 | 3864 | 1,15 | Домување во станбени згради – А2, Б1 | 25,20/ П+7 | 38 | **2340** | **7.892.820** |
| **11.3** | 3720 | 766 | 21 | 6128 | 1,65 | Домување во станбени згради – А2 | 25,20/ П+7 | 38 | **2400** | **8.928.000** |
| **11.4** | 3355 | 483 | 14 | 3964 | 1,15 | Домување во станбени згради – А2 | 25,20/ П+8 | 38 | **2400** | **8.052.000** |
| **11.5** | 2824 | 483 | 17 | 3864 | 1,37 | Домување во станбени згради – А2 | 25,20/ П+7 | 38 | **2400** | **6.777.600** |
| **11.6** | 3053 | 483 | 16 | 3864 | 1,27 | Домување во станбени згради – А2 | 25,20/ П+7 | 38 | **2400** | **7.327.200** |
| **11.8** | 2063 | 569 | 28 | 4552 | 2,21 | Домување во станбени згради – А2 | 25,20/ П+7 | 38 | **2400** | **4.951.200** |
| **11.59** | 3529 | 874 | 25 | 6992 | 1.98 | Домување во станбени згради – А2 | 25,20/ П+7 | 80 | **2340** | **8.257.860** |

- **ДУП „Маџари-Хиподром“ (Б2 - големи трговски единици)**




| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површина под градба | Процент на изграденост | Изградена површина | Коефициент на искористеност | Намена на замјиште | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Паркирање во парцела | Почетна единечна цена/м2 | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **9.1** | 2328 | 960 | 41 | 1920 | 0,82 | големи трговски единици – Б2 | 10,20/П+1 | 64 | **2.200** | **5.121.600** |

- **ДУП за спортско рекреативен центар „Железара“ (Д3 - спорт и рекреација)**




| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површна под градба | Процент на изграденост | Изградена површина | Коефициент на искористеност | Намена на земјиште | | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Паркирање во парцела | Почетна единечна цена / м2 | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | основна | компатибилна | | | | |
| **1.7** | 17889 | 11665 | 65 | 23330 | 1,3 | Спорт и рекреација – Д3 | А4, Б1, Б2, Б3, Б4, Б6, В3 | 14.20 | 60 | **1556** | **27.835.284** |
| **1.18** | 9483 | 5890 | 62 | 11780 | 1,2 | Спорт и рекреација – Д3 | А4, Б1, Б2, Б3, Б4, Б6, В3 | 14.20 | 40 | **1556** | **14.755.548** |

- **ДУП за спортско рекреативен центар „Железара“ (А4- времено сместување)**




| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површна под градба | Процент на изграденост | Изградена површина | Коефициент на искористеност | Намена на замјиште | | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Паркирање во парцела | Почетна единечна цена / м2 | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | основна | компатибилна | | | | |
| **1.10** | 3710 | 1312 | 35 | 5280 | 1,4 | А4 | / | 14 | 28 | **61** | **226.310** |

- **ДУП за спортско рекреативен центар „Железара“ (Е2 - катна гаража)**




| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површна под градба | Процент на изграденост | Изградена површина | Коефициент на искористеност | Намена на замјиште | | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Паркирање во парцела | Почетна единечна цена / м2 | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | основна | компатибилна | | | | |
| **1.1** | 6250 | 2940 | 47 | 11760 | 1,9 | Е2 – катна гаража | / | 12,00 | 470 | **61** | **381.250** |

- **ДУП „Автокоманда“ УБ 2А (А2 - домување во станбени згради)**




| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површна под градба | Процент на изграденост | Изградена површина | Коефициент на искористеност | Намена на замјиште | | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Паркирање во парцела | Почетна единечна цена / м2 | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | основна | компатибилна | | | | |
| **2.1** | 2125 | 601 | 28 | 3005 | 1,4 | Домување во станбени згради – А2 | / | 14,70/П+3+Пк | 36 | **2.400** | **5.100.000** |

- **ДУП за дел од нас. „Железара“, локалитет А - Блок 9 (А2 - домување во станбени згради)**




| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површна под градба | Процент на изграденост | Изградена површина | Коефициент на искористеност | Намена на земјиште | Компатибилна намена | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Почетна единечна цена/м2 | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9.9 | 1413.5 | 534.8 | 37.8 | 4144.7 | 2.9 | Домување во станбени згради – А2 | А4, Б1, Б2, Б4, В3, В4, Д3 | П+6+ПК/23.8м1 | 2.340 | 3.307.590 |
Се задолжува секторот за финансиски прашања, да ја прибави потребната документација (вклучително и нотарски заверените изјави од член 5 на оваа одлука) согласно позитивните прописи од секторот за комунални работи, сообраќај и енергетска ефикасност, и во рок од 8 дена од прибавување на потребната документација, да изврши исплата на наведениот износ на трансакциските сметки на оштетените, од средствата предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба, за таа намена.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-43/12**
**од 16.01.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОНСУДСКО ПОРАМНУВАЊЕ

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за склучување на договор за вонсудско порамнување, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 16.01.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-148/11**
**од 16.01.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.52/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и шестата седница одржана на ден 16.01.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОНСУДСКО ПОРАМНУВАЊЕ

**Член 1**

(1) Советот на Општина Гази Баба дава согласност за склучување на Договор за вонсудско порамнување меѓу Општина Гази Баба, Фудбалскиот клуб МАЏАРИ-СОЛИДАРНОСТ 92 Скопје и Фудбалскиот клуб МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ-ЈУНИОР Скопје (во натамошниот текст: договорни страни), со следниот текст којшто гласи:

"ДОГОВОР
за вонсудско порамнување

Член 1

Договорни страни во овој Договор се:

(1) Општина Гази Баба - Скопје, со седиште на улица "Архимедова" број 2, со матичен број 6032575, даночен број 4030004565950, трезорска сметка 100000000063095 и сметка на буџетски корисник 777014107663019 во Народна банка на Република Македонија, застапувана од градоначалникот Тони Трајковски (во натамошниот текст: Општина Гази Баба),

(2) Фудбалскиот клуб МАЏАРИ-СОЛИДАРНОСТ 92 Скопје, со седиште во општина Гази Баба - Скопје, матичен број 4110293, даночен број 4030999365672 и сметка број 300000001281212 во Комерцијална банка АД Скопје, застапуван од претседателот Зоран Мирковиќ со ембг ____________ и адреса на улица "Хелсинки" број 19, Карпош-Скопје (во натамошниот текст: ФК МАЏАРИ-СОЛИДАРНОСТ 92), и

(3) Фудбалскиот клуб МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ-ЈУНИОР Скопје, со седиште на улица "Антон Попов" број 85-2/1, Гази Баба - Скопје, матичен број 6843859, даночен број 4043013512740 и сметка број 300000003544222 во Комерцијална банка АД Скопје, застапуван од претседателот Велче Анчевски со ембг ____________ и адреса на улица "Антон Попов" број 85-2/1, Гази Баба-Скопје (во натамошниот текст: ФК МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ-ЈУНИОР).

Член 2

Одделни изрази употребени во овој Договор го имаат следново значење:

(1) "Објекти и игралиште на КП 4986 и КП 4985 КО Сингелиќ 1" значи "Објектите и игралиштето на КП 4986 и КП 4985 КО Сингелиќ 1 со целиот инвентар и опрема за нивно одржување, заедно со клучевите од сите брави"; и

(2) "Фудбалски клуб МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ-ЈУНИОР Скопје" значи "Фудбалскиот клуб МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ-ЈУНИОР Скопје или неговиот правен наследник во случај на присоединување, спојување и поделба, односно неговиот сопственик".

Член 3

Предмет на овој Договор е вонсудско порамнување и уредување на меѓусебни права и обврски за објектите и игралиштето на КП 4986 и КП 4985 КО Сингелиќ 1, сопственост на општина Гази Баба, видно од Имотен лист 23392 КО Сингелиќ 1, Имотен лист 3557 КО Сингелиќ 1 и Имотен лист 25150 КО Сингелиќ 1, а во согласност со Решението за пренесување право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на Општина Гази Баба врз основа на спроведен делбен биланс (број 23-257/20 од 08.02.2000 година, "Службен весник на Република Македонија" број 15/2000), а во владение на ФК МАЏАРИ-СОЛИДАРНОСТ 92 Скопје.

Член 4

ФК МАЏАРИ-СОЛИДАРНОСТ 92 како затекнат владетел на објектите и игралиштето на КП 4986 и КП 4985 КО Сингелиќ 1 и со право на користење на КП 4986 и КП 4985 КО Сингелиќ 1, го отстапува правото на владение на ФК МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ-ЈУНИОР, за сметка на обврските од членот 7 на овој Договор, најмногу заклучно со денот на изборот на понудувач со најповолни услови за склучување на Договор за концесија за изградба на Спортски центар во населба Маџари, Гази Баба, по што му престануваат сите права по основ на овој Договор.

Член 5

(1) Примопредавањето на објектите и игралиштето на КП 4986 и КП 4985 КО Сингелиќ 1 на ФК МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ-ЈУНИОР, ќе се изврши со записник меѓу Општина Гази Баба, ФК МАЏАРИ-СОЛИДАРНОСТ 92 и ФК МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ-ЈУНИОР на денот на потпишувањето на овој Договор.

(2) Општина Гази Баба со посебен записник за примопредавање ќе го предаде во владение на ФК МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ-ЈУНИОР и игралиштето на КП 4875 КО Сингелиќ 1.

Член 6

Комуналните давачки (струја, вода, ѓубретарина и друго) за објектите и игралиштето на КП 4986 и КП 4985 КО Сингелиќ 1, како и за игралиштето на КП 4875 КО Сингелиќ 1, до склучувањето на овој Договор се на сметка на ФК МАЏАРИ-СОЛИДАРНОСТ 92, односно на должниците на чиешто име гласат.

Член 7

ФК МАЏАРИ-СОЛИДАРНОСТ 92:

(1) се откажува од правото на користење на објектите и игралиштето на КП 4986 и КП 4985 КО Сингелиќ 1 по било која основа;

(2) го повлекува барањето до Општина Гази Баба за легализација на објектите и игралиштето на КП 4986 и КП 4985 КО Сингелиќ 1 (број УП 1 бр.28-10399 од 25.08.2011 година) и се откажува од правото на жалба по Заклучокот за запирање на постапката за легализација на објектите и игралиштето на КП 4986 и КП 4985 КО Сингелиќ 1;

(3) го повлекува барањето до Министерството за финансии на Република Македонија Управа за имотно-правни работи - Одделение за управна постапка во општина Гази Баба - Скопје за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост на игралиштето на КП 4986 и КП 4985 КО Сингелиќ 1 (број 25-1141 од 18.08.2010 година) и се откажува од правото на жалба по Заклучокот за запирање на постапката за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост на игралиштето на КП 4986 и КП 4985 КО Сингелиќ 1;

(4) се одрекува од тужбата 4ТС бр.202/14 до Основниот суд Скопје 2 Скопје против Општина Гази Баба за бришење на запишани права со предлог за времена мерка, а во врска со објектите и игралиштето на КП 4986 и КП 4985 КО Сингелиќ 1;

(5) ја повлекува жалбата до Апелациониот суд Скопје преку Основниот суд Скопје 2 Скопје од 14.05.2014 година, против Решението на Основниот суд Скопје 2 Скопје 4ТС бр.202/14 од 25.04.2014 година, со кое Основниот суд Скопје 2 Скопје се огласил за стварно ненадлежен да постапува по тужбата на ФК МАЏАРИ-СОЛИДАРНОСТ 92 против тужениот Општина Гази Баба за бришење на запишани права со предлог за времена мерка;

(6) се одрекува од тужба до Управниот суд Скопје против Општина Гази Баба за бришење на запишани права со предлог за времена мерка, а во врска со објектите и игралиштето на КП 4986 и КП 4985 КО Сингелиќ 1; и

(7) се одрекува од идни тужби против Општина Гази Баба или друго лице, пред било кој суд во Република Македонија, а во врска со објектите и игралиштето на КП 4986 и КП 4985 КО Сингелиќ 1.

Член 8

(1) ФК МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ-ЈУНИОР е должен за објектите и игралиштето на КП 4986 и КП 4985 КО Сингелиќ 1 и за игралиштето на КП 4875 КО Сингелиќ 1, да се грижи како добар домаќин и уредно да ги плаќа сите комунални давачки (струја, вода, ѓубретарина и друго).

(2) Комуналните давачки (струја, вода, ѓубретарина и друго) и сите даноци и такси за објектите и

игралиштето на КП 4986 и КП 4985 КО Сингелиќ 1 и за игралиштето на КП 4875 КО Сингелиќ 1, од влегувањето во сила на овој Договор се пренесуваат и се на сметка на ФК МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ-ЈУНИОР.

(3) Сите градежни инвестициони зафати во објектите и игралиштето на КП 4986 КО и КП 4985 Сингелиќ 1 и игралиштето на КП 4875 КО Сингелиќ 1 се на товар на ФК МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ-ЈУНИОР, со претходна писмена согласност на Општина Гази Баба.

(4) ФК МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ-ЈУНИОР објектите и игралиштето на КП 4986 и КП 4985 КО Сингелиќ 1 и игралиштето на КП 4875 КО Сингелиќ 1, ќе ги користи исклучиво за нивната намена.

(5) Во случај на оштетување на објектите и игралиштето на КП 4986 и КП 4985 КО Сингелиќ 1 и на игралиштето на КП 4875 КО Сингелиќ 1, по вина на членовите и вработените на ФК МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ-ЈУНИОР, надоместот на штетата е на товар на ФК МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ-ЈУНИОР.

(6) По престанувањето на правото на владение на ФК МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ-ЈУНИОР од членот 4 на овој Договор, ФК МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ-ЈУНИОР е должен објектите и игралиштето на КП 4986 и КП 4985 КО Сингелиќ 1 и игралиштето на КП 4875 КО Сингелиќ 1 записнички да ги врати во владение на Општина Гази Баба во исправна состојба.

Член 9

(1) ФК МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ-ЈУНИОР со писмо на намери може да изјави интерес за концесија со Општина Гази Баба за изградба на Спортски центар во населба Маџари, Гази Баба, во согласност со Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство ("Службен весник на Република Македонија" броевите 6/2012 и 144/2014).

(2) Доколку ФК МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ-ЈУНИОР писмено ја извести општина Гази Баба дека се откажува од интересот за концесија со Општина Гази Баба за изградба на Спортски центар во населба Маџари, Гази Баба, може да ги владее објектите и игралиштето на КП 4986 и КП 4985 КО Сингелиќ 1 и игралиштето на КП 4875 КО Сингелиќ 1, во согласност со членот 4 од овој Договор.

Член 10

Со потпишувањето на Договорот за концесија за изградба на Спортски центар во населба Маџари, Гази Баба, престанува правото на владение на ФК МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ-ЈУНИОР на објектите и игралиштето на КП 4986 и КП 4985 КО Сингелиќ 1 и на игралиштето на КП 4875 КО Сингелиќ 1, и ФК МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ-ЈУНИОР е должен веднаш со записник за примопредавање да го врати владението врз објектите и игралиштето на КП 4986 и КП 4985 КО Сингелиќ 1 и игралиштето на КП 4875 КО Сингелиќ 1 на Општина Гази Баба.

Член 11

(1) Овој Договор се солемнизира на нотар

(2) Трошоците за солемнизација на овој Договор паѓаат на товар на ФК МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ-ЈУНИОР.

(3) Договорните страни се согласни овој Договор да има сила на извршна исправа.

Член 12

Овој Договор е ништавен, односно не произведува правно дејство, доколку ФК МАЏАРИ-СОЛИДАРНОСТ 92 не постапи во согласност со членот 7 од овој Договор.

Член 13

(1) Овој Договор влегува во сила со неговото потпишување од овластените претставници на договорните страни на нотар.

(2) Овој Договор се склучува во седум еднообразни примероци од кои по два примероци се наоѓаат кај Општина Гази Баба, ФК МАЏАРИ-СОЛИДАРНОСТ 92 и ФК МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ-ЈУНИОР, а еден примерок за нотарот. "

**Член 2**

(1) Договорот за вонсудско порамнување меѓу Општина Гази Баба, Фудбалскиот клуб МАЏАРИ-СОЛИДАРНОСТ 92 - Скопје и Фудбалскиот клуб МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ - ЈУНИОР - Скопје, ќе го склучат овластените претставници на договорните страни во согласност со одредбите од оваа одлука пред нотар.

(2) Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба во името на Општина Гази Баба да го склучи Договорот за вонсудско порамнување.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-43/13**
**од 16.01.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Статутарно - правна комисија**
С К О П Ј Е

Статутарно-правната комисија на Советот на Општина Гази Баба, на седницата одржана на 16.01.2015 година, го утврди Пречистениот текст на Статутот на Општина Гази Баба.

Пречистениот текст на Статутот на Општина Гази Баба ги опфаќа: Статут на Општина Гази Баба Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/12), Статутарна одлука за изменување на Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.10/13), Исправка на Статутарна одлука за изменување на Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.11/13), Статутарна одлука за изменување на Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/13) и Статутарна одлука за дополнување на Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.12/14), во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

**Број 07-142/1**
**од 16.01.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СТАТУТАРНО - ПРАВНА КОМИСИЈА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

# СТАТУТ
# НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
**(пречистен текст)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Општина ГАЗИ БАБА е основана и нејзиното подрачје е утврдено со Законот за териториjална организација на локалната самоуправа во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.55/04).

**Член 2**

Со овој Статут на Општина ГАЗИ БАБА (во натамошниот текст: општината), во согласност со закон, се уредуваат:

1

- организацијата и работата на органите на општината;
- организацијата и работењето на комисиите на Советот на општината;
- вршењето на работите согласно начелото на супсидијарност;
- начинот на информирање на граѓаните и слободниот пристап до информации од јавен карактер;
- случаите на исклучување на јавноста од седниците на Советот на општината;
- начинот и постапката за доставување претставки и предлози за работата на органите на Општината и постапување по нив;
- начинот на организирање јавни трибини, спроведување анкети и прибирање предлози од граѓаните;
- начинот на објавувањето на прописите на Советот;
- начинот на извршување на обврските од областа на одбраната во воена состојба, во вонредна состојба, во кризна состојба и во заштита и спасување;
- месната самоуправа;
- начинот и постапката за утврдување на грбот и знамето на општината;
- како и други прашања од значење за општината.

**Член 3**

Определени прашања сврзани со остварувањето на надлежностите, процедурите за работа и одлучување во Советот на општината, поблиску се уредуваат со Деловник на Советот на општината (во натамошниот текст: Деловник).

Деловникот го донесува Советот на општината (во натамошниот текст: Совет), со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

**Член 4**

Општината е правно лице.

**Член 5**

Седиштето на Општина ГАЗИ БАБА е во Скопје на улица "Архимедова" бр.2.

**Член 6**

Општината има право на сопственост.

**Член 7**

Општината има свој грб и знаме кои се уредуваат со одлука на Советот на општината.

**Член 8**

Општината Гази Баба има свој печат.

Печатот на Општина Гази Баба има форма на круг со пречник од 30 мм., во чија средина се наоѓа грбот на општината, околу него во горната половина на кругот е впишан текстот "Република Македонија", а на долната половина на кругот е впишан текстот "Скопје". На горната половина на кругот, под текстот "Република Македонија" е впишан текстот "Општина Гази Баба".

Текстот на печатот е на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

Печатот што го има општината, го употребуваат Советот на општината, Градоначалникот и општинската администрација на Општина Гази Баба.

**Член 9**

Општина Гази Баба има свој празник.

Празник на општината е 3-ти ноември, денот на првото конституирање на општината.

**Член 10**

Општината членува во Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија.

**Член 11**

Во вршењето на своите надлежности, општината може меѓусебно да соработува со другите општини.

Заради остварување на заеднички интереси и вршење на заеднички работи од надлежност на општините, општината може со другите општини да здружува средства и да формира заеднички јавни служби, во согласност со Закон.

Со цел за извршување на одделни надлежности, општината може исто така со другите општини да формира заеднички административни тела во одредени области, во согласност со Закон.

Општината може да соработува и со единиците на локалната самоуправа на други земји, како и со меѓународни организации на локалните заедници, како и да членува во меѓународни организации на локалните власти.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТЕЊЕ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

**Органи на Општината**

**Член 12**

Органи на Општината се: Совет и Градоначалник.

**1.Совет**

**а) Конституирање**

**Член 13**

Конституирањето на Советот, се врши со верификација на мандатите на членовите на Советот, избрани на начин утврден со закон и со давање и потпишување на свечената изјава со содржина утврдена со закон.

Верификацијата на мандатите на членовите на Советот се врши на првата конститутивна седница на Советот, по предлог на Верификационата комисија што се формира на почетокот на седницата од редот на новоизбраните членови на Советот.

Верификацијата на мандатите на членовите на Советот кои не биле присутни на првата седница на Советот, ја врши Советот на првата седница на која што тие ќе присуствуваат.

**Член 14**

Постапката за верификација на мандатите на членовите на Советот поблиску се уредува со Деловникот.

**б). Права и должности на членовите на Советот**

**Член 15**

Членот на Советот има права и должности утврдени со закон и со овој Статут.

Членот на Советот се стекнува со своите права и должности по верификацијата на мандатот и давање и потпишување на свечената изјава.

**Член 16**

Членот на Советот има право и должност:

- да предлага претресување на прашања, појави и состојби што се од локално значење, како и од значење за граѓаните во општината;
- да дава иницијативи за донесување на одлуки и други акти од надлежност на Советот, како и да предлага амандмани, на начин и по постапка предвидени во Деловникот;
- да бара од администрацијата на општината (во натамошниот текст: администрација), како и од јавните служби, установи и претпријатија и од други институции, основани од општината, податоци и други информации за прашања од нивниот делокруг, а што му се потребни за неговата работа во Советот;
- да бара и добие стручна помош во изработувањето на предлози што тој му ги поднесува на Советот, во поставувањето на советнички прашања и во вршењето на други работи што му ги доверил Советот, односно комисија во која членува;
- да ги чува како тајна податоците, кои се класифицирани како такви, што ќе ги дознае на седница на Советот или на комисија и
- членот на Советот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење или за гласање во Советот на општината.

**Член 17**

Членот на Советот има право да присуствува и учествува во работата на седница на комисија на Советот, иако не е член на комисијата, но без право на одлучување.

**Член 18**

Членот на Советот кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седници на Советот и на комисија чиј член е, должен е за тоа благовремено да го извести Претседателот на Советот и Претседателот на комисијата.

Членот на Советот кој од оправдани причини подолго време е спречен да присуствува на седници на Советот и на комисија чиј член е, има право да побара од Советот одобрение за отсуствување од седниците.

По барањето од ставот 2 на овој член, Советот одлучува без претрес.

**в) Претседател на Советот**

**Член 19**

Претседателот на Советот го избира Советот со јавно гласање, со мнозинство гласови од вкупниот број членовите на Советот.

Предлог за Претседател на Советот може да даде секој член на Советот.

Изборот на Претседател на Советот може да се изврши и со тајно гласање, доколку за таков предлог на член на Советот одлучи Советот со мнозинство од присутните членови на Советот.

Постапката за избор на Претседател на Советот се уредува со Деловникот.

**г) Начин на работа**

**Член 20**

Советот работи на редовни седници, а по потреба може да одржува свечени и вонредни седници.

**Член 21**

Денот, часот и местото на одржување на редовна седница на Советот, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи на седницата се објавуваат на огласна табла на Општината.

Претседателот на Советот може да одлучи денот, часот и местото на одржување на седницата на Советот, како и предлогот на дневниот ред да се објават во средствата за јавно информирање.

**Член 22**

Советот одржува свечени седници за одбележување на значајни историски настани, а може да одржува свечени седници и за ислушување на говори на наши и странски државници, претставници на меѓународни организации и истакнати граѓани на странски држави како гости на општината.

**Член 23**

Вонредна седница се свикува за прашања од значење за безбедноста и сигурноста на граѓаните и во случаи на вонредни околности.

Вонредна седница на Советот свикува Претседателот на Советот по сопствена иницијатива или на барање од најмалку 1/3 од членовите на Советот или на предлог на Градоначалникот.

Поканата за вонредна седница заедно со предлогот на дневен ред на членовите на Советот им се доставува на најбрз можен начин.

Пред отпочнувањето со работа на седницата, членовите на Советот гласаат за оправданоста на причините за свикување на вонредна седница, без претрес и со мнозинство од присутните членови на Советот.

**Член 24**

Во случај на спреченост или отсутност на Претседателот на Советот, на седницата претседава најстариот член на Советот.

**Член 25**

Советот може да одлучи со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, гласањето по определени прашања да биде тајно.

**Член 26**

Свикувањето на седниците на Советот, утврдувањето на дневниот ред, текот на седницата, записниците, постапката за донесување на акти и други прашања сврзани со работата на Советот, поблиску се уредуваат со Деловникот.

**2. Градоначалник**

**Член 27**

Градоначалникот ги врши своите надлежностите во рамките утврдени со закон и овој Статут.

**Член 28**

Градоначалникот присуствува и учествува во работата на седниците на Советот, а по потреба и на седниците на комисиите на Советот и посебните тела на општината, без право на одлучување.

Градоначалникот може да определи и свои претставници кои присуствуваат и учествуваат во работата на седниците на Советот, неговите комисии и посебните тела на општината.

**Член 29**

Градоначалникот редовно го известува Советот за извршувањето на своите надлежности во согласност со Статутот.

**Член 30**

Градоначалникот обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на Општината.

Градоначалникот управува со сопственоста на општината од јавен интерес и како добар домаќин.

Градоначалникот е должен, во управувањето со сопственоста на општината, да презема мерки и да го обезбедува користењето, одржувањето и заштитата на сопственоста на општината во согласност со закон.

**Член 31**

Градоначалникот соработува со градоначалниците на другите општини по прашања од заеднички интерес од надлежност на општините.

**Член 32**

Новоизбраниот Градоначалник ја презема должноста од претходниот Градоначалник во рок од седум дена од денот на изборот.

Градоначалникот ја врши професионално својата функција.

За време на вршењето на функцијата, Градоначалникот не може да врши друга професионална дејност.

Градоначалникот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење во Советот.

Градоначалникот со решение определува кој од членовите на Советот ќе го заменува во случај на спреченост или отсуство, согласно закон.

За настанувањето на спреченост или отсуство, Градоначалникот го известува Претседателот на Советот и членот на советот кој ќе го заменува.

На членот на Советот му мирува функцијата член на Советот за времето кога го заменува Градоначалникот.

Претседателот на Советот не може да го заменува Градоначалникот.

Платата и надоместоците на Градоначалникот, како и надоместокот за членот на Советот кој го заменува Градоначалникот се уредува со закон.

**а) Секретар**

**Член 33**

Градоначалникот на општината од редот на раководните државни службеници од општинската администрација именува Секретар на општината.

Мандатот на Секретарот на општината трае колку и мандатот на Градоначалникот.

**3. Посебни тела на општината**

**а) Комисија за односи меѓу заедниците**

**Член 34**

Во општината се формира комисија за односи меѓу заедниците (во натамошниот текст: комисија).

Комисијата ја сочинуваат по (1) еден претставник на заедниците кои се застапени во општината, со мандат од 4 (четири) години.

**Член 35**

Одлука за формирање на комисијата донесува Советот, на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања го составува предлогот од став 1 на овој член, по претходно добиени предлози на политичките партии застапени во Советот.

**Член 36**

Комисијата од редот на своите членови избира претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на комисијата, со јавно гласање.

**Член 37**

Комисијата работи на седници.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на комисијата.

Комисијата може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови на комисијата.

Комисијата одлучува со мнозинството од вкупниот број членови на комисијата.

На седниците на комисијата може да присуствуваат и учествуваат во работата, градоначалникот на општината и Претседателот на Советот, без право на одлучување.

**б) Совет за заштита на потрошувачите**

**Член 38**

Во општината се формира Совет за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите е составен од 9 членови, претставници на поголемите групи на корисници на јавните услуги во општината.

Членовите на Советот за заштита на потрошувачите не може да се избираат од редот на членовите на Советот на општината.

**Член 39**

Одлука за формирање на Советот за заштита на потрошувачите донесува Советот на општината, на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања го составува предлогот од став 1 на овој член, по претходно добиени предлози на облиците на месна самоуправа во општината.

**Член 40**

Советот за заштита на потрошувачите од редот на своите членови избира Претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот за заштита на потрошувачите, со јавно гласило.

**Член 41**

Советот за заштита на потрошувачите работи на седници.

Седниците по правило се јавни.

Седниците ги свикува и со нив раководи Претседателот на Советот за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови на Советот за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите одлучува со мнозинството од вкупниот број членови на Советот за заштита на потрошувачите.

На седниците на Советот за заштита на потрошувачите можат да присуствуваат и учествуваат во работата Градоначалникот и Претседателот на Советот на општината, без право на одлучување.

**Член 42**

Советот за заштита на потрошувачите разгледува прашања и утврдува предлози кои што се однесуваат на квалитетот на услугите на јавните служби на општината, а особено:

- ја следи состојбата на давањето на услуги од јавните служби;
- се грижи за решавање на проблемите што граѓаните ги имаат при користење на услугите од претпријатијата и установите што вршат јавни услуги;
- се грижи за унапредување на односот на вработените кај давателите на услуги кон корисниците на услугите и
- организира јавни трибини и други форми на учество на граѓаните на кои ќе се расправа за унапредување на заштитата на потрошувачите.

За согледаните, односно констатираните состојби, насоки, иницијативи и сугестии го информира Советот на општината и Градоначалникот.

**в) Партиципативно тело од областа на урбанизмот**

**Член 43**

Во општината се формира партиципативно тело од областа на урбанизмот (совет, одбор), заради пренесување на ставовите и мислењата на граѓаните и правните лица во процесот на урбанистичкото планирање, како и заради следење на состојбите и давање иницијативи, насоки и сугестии во процесот на планирање и изготвување плански решенија за општината.

Партиципативното тело од областа на урбанизмот се состои од 9 членови.

**Член 44**

Одлука за формирање на партиципативно тело од областа на урбанизмот донесува Советот, на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Членовите на Партиципативно тело од областа на урбанизмот се избираат:

- од редот на членовите на Советот;
- по предлог на облиците на месна самоуправа;
- по предлог на здруженијата на граѓани;
- здруженија на стручни лица од областа на урбанизмот и
- од општинската администрација.

**Член 45**

Партиципативно тело од областа на урбанизмот од редот на своите членови избира Претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на партиципативното тело, со јавно гласање.

**Член 46**

Партиципативното тело од областа на урбанизмот работи на седници.

Седниците по правило се јавни.

Седниците ги свикува и со нив раководи Претседателот на партиципативно тело од областа на урбанизмот.

Партиципативното тело од областа на урбанизмот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови.

Партиципативното тело од областа на урбанизмот одлучува со мнозинството од вкупниот број членови.

За согледаните, односно констатираните состојби, насоки, иницијативи и сугестии го информира Советот на општината и Градоначалникот.

На седниците можат да присуствуваат и учествуваат во работата Градоначалникот, Претседателот на Советот и Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина, без право на одлучување.

**г) Локален младински совет на Општина Гази Баба**

**Член 46-а**

Во општината се формира Локален младински совет како советодавно тело на општината со цел младите активно да се вклучат во јавниот живот на општината.

Млади се жители на општината на возраст од 15 до 30 години живот.

Младите од став 1 на овој член можат да бидат избирани за претседател и заменик претседател на Локалниот младински совет на Општина Гази Баба, под услов да се со постојано место на живеење на подрачјето на Општина Гази Баба.

**Член 46-б**

Одлука за основање на Локален младински совет ја донесува Советот на општината.

**Член 46-в**

Локалниот младински совет во општината ги врши следните работи:

- расправа на седници на Советот на млади за прашања значајни за нивната работа;
- расправа за прашања за кои се расправа на Советот на општината а се од интерес за работата на младите;
- му предлага на Советот на општината донесување на одлуки, програми и други акти од значење за младите од општината;
- му предлага на Советот на општината да расправа за прашања кои се од значење за унапредување на положбата на младите и решавање на нивните проблеми;
- му дава мислење на Советот на општината за конкретните одлуки кои треба да ги донесе;
- соработува во изработката и го следи споредувањето на локалните акти за млади, донесени од страна на општината;
- изработува извештаи до надлежните органи за проблемите на младите, а по потреба предлага донесување на Програми за отстранување на настанатите проблеми и подобрување на положбата на младите на локално ниво;
- организира работилници, предавања, трибини, кампањи, манифестации и други активности во врска со младинските прашања;
- информира и промовира за активностите на Локалниот младински совет;

- ја потикнува меѓусебната општинска соработка и размена на искуства со младите од другите општини;
- по потреба повикува преставник на Советот на општината на своите седници и
- врши и други работи од интерес за младите.

**Член 46-г**

Локалниот младински совет има 9 члена.

Градоначалникот на општината по донесување на одлуката од член 46-б, објавува јавен повик за избор на членови во Локалниот младински совет на Општина Гази Баба.

Кандидатите за членови на Локалниот младински совет ги предлагаат: Невладини организации и Здруженија на млади, ученички совети, студентски совети и други регистрирани облици на организирање на младите.

Врз основа на писмените предлози од предлагачите, на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот на општината ги избира членовите на Локалниот младински совет.

Локалниот младински совет од своите редови избира претседател и заменик претседател, согласно Деловникот за работа на Локалниот младински совет.

**Член 46-д**

Членовите на Локалниот младински совет се избираат со мандат од 4 години.

Советот на општината може да разреши член на Локалниот младински совет и пред истекот на мандатот од став 1 на овој член:

- на лично барање,
- ако наполни 30 години живот,
- ако отсуствува од седниците на Локалниот младински совет и
- ако со правосилна судска пресуда е осуден на безусловна казна затвор во траење подолго од шест месеци.

**Член 46-ѓ**

Локалниот младински совет одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш во два месеци.

Седниците ги свикува и со нив заседава Претседателот на Локалниот младински совет.

Претседателот на Локалниот младински совет е должен да свика вонредна седница на Локалниот младински совет на предлог од најмалку 3 члена на Локалниот младински совет.

Локалниот младински совет ги донесува одлуките од мнозинството гласови, ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупно избраните членови на Локалниот младински совет.

Начинот на работа на Локалниот младински совет поблиску се уредува со Деловник за работа на Локалниот младински совет, кој се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Локалниот младински Совет.

Локалниот младински совет може да формира постојни и повремени работни тела за потесни кругови на делување, на организирање форуми, трибини и работилници за поедини возрасни групи на млади или за проблеми кои ги загрижуваат младите.

**Член 46-е**

Локалниот младински совет донесува Програма за работа и ја доставува на усвојување до Советот на општината за секоја календарска година, најдоцна до 30 ноември во тековната година за секоја наредна година.

Програмата ги содржи следните активности:

- учество во креирањето и пратење на локалната програма за работа на младите,
- соработка со другите советодавни тела во Република Македонија и странство,
- консултирање со организацијата на младите за теми значајни за младите и
- соработка со телата во општината во политиката кон младите.

Програмата содржи и останати активности значајни за работата на Локалниот младински совет и подобрување на положбата на младите.

Програмата за работа на Локалниот младински совет се донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Локалниот младински совет .

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТЕЊЕ НА КОМИСИИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА

### 1. Комисии на Советот

**Член 47**

За разгледување на прашања и утврдување предлози од одредена област, Советот од својот состав може да формира постојани и повремени комисии.

Составот на комисиите соодветствува на пропорционалната застапеност на политичките партии во Советот.

**Член 48**

Постојани комисии на Советот се:

- Комисија за мандатни прашања, избори и именувања;
- Статутарно - правна комисија;
- Комисија за програмирање на работата на Советот на Општина Гази Баба;
- Комисија за финансии и Буџет;
- Комисија за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина;
- Комисија за општествени дејности;
- Комисија за месна самоуправа;
- Комисија за одбележување на празници и манифестации и доделување награди и признанија;

- Комисија за локален економски развој;
- Комисија за земјоделие;
- Комисија за култура, спорт и рекреација;
- Комисија за еднакви можности на жените и мажите и
- Комисија за негување и чување на традициите на македонскиот народ, заедниците и македонската држава и заштита на историските споменици и спомен обележја.

Делокругот на работата на комисиите од став 1 на овој член, се определува со Деловник на Советот.

Советот може да формира и други постојани и повремени комисии, чиј состав и делокруг на работа се определува со актот за нивното формирање.

**2. Состав, избор и начин на работа на комисиите**

**Член 49**

Комисиите на Советот се состојат од Претседател и минимум 4 члена.

**Член 50**

Избор на Претседател и членови на комисија на Советот се врши на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања го дава предлогот од став 1 на овој член, врз основа на претходно доставени предлози на политичките партии застапени во Советот, при што води сметка за примена на принципот за нивна пропорционална застапеност во комисиите, имајќи го предвид вкупниот број на комисиите на Советот.

Изборот на Претседател и членови на комисија се врши со мнозинство од присутните членови на Советот.

**Член 51**

Предлог за разрешување на претседател и членови на комисија може да даде самата комисија, комисијата за мандани прашања, избори и именувања, најмалку 3 (три) членови на Советот и Претседателот на Советот.

По предлогот за разрешување одлучува Советот, со јавно гласање, со мнозинство на присутните членови на Советот.

**Член 52**

Избор заради промена на поодделен член на комисија се врши на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, при што не може да се наруши принципот на пропорционална застапеност на партиите во комисиите.

**Член 53**

Комисијата работи на седници и расправа по материјали доставени од овластен предлагач.

Дневниот ред на седницата на комисијата се утврдува на почетокот на седницата.

**Член 54**

Комисијата може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството членови на комисијата.

Комисијата одлучува со мнозинство гласови на присутните членови.

**Член 55**

Комисијата поднесува писмен извештај или предлог на Советот, и може да определи свој известител, кој по налог на комисијата или по барање на Советот, на седницата на Советот ќе го образложи ставот или предлогот на комисијата.

**Член 56**

На седницата на комисијата задолжително присуствува претставник на предлагачот на материјалот што се разгледува.

Претставникот на предлагачот има право на седницата на комисијата да учествува во разгледувањето на предлогот што го поднел.

**Член 57**

Комисијата има право од предлагачот да бара известување, појаснување, како и други податоци што и се потребни за работа, а со кои предлагачот располага или е должен да ги собира и евидентира.

**Член 58**

На седниците на комисијата може да присуствуваат и да учествуваат претставници на органи, организации, заедници и здруженија, како и научни, стручни и јавни работници, заради изнесување на нивни мислења по прашањата што се разгледуваат на седницата на комисијата.

Поканата до лицата од ставот 1, ја доставува Претседателот на комисијата.

## IV. ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ СПОРЕД НАЧЕЛОТО НА СУПСИДИЈАРНОСТ

**Член 59**

Општината, во рамките на законот, во согласност со начелото на супсидијарност, има право на своето подрачје да спроведува иницијативи во врска со сите прашања од значење за општината, што не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Определувањето на работите од став 1 на овој член, дефинирањето на нивната содржина, начинот и постапката на нивното вршење се уредуваат со посебни одлуки на Советот, по предлог на Градоначалникот.

**Член 60**

Општината може да доделува награди.

Наградите се доделуваат како знак на признание за постигнати остварувања што претставуваат посебен придонес за развој на општината и за нејзиниот севкупен напредок и афирмација во областа на економскиот развој, науката, уметноста, културата, образованието, здравствената заштита, социјалната заштита, спортот,

заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, како и во други области.

**Член 61**

Наградата може да се доделува на физички и правни лица од општината, Градот Скопје, Републиката и од други држави, како и на меѓународни организации и асоцијации или нивни претставници.

**Член 62**

Советот формира одбор за доделување на наградата.

Работата на одборот поблиску се уредува со одлука на Советот на општината.

Средства за наградата и за работа на одборот се обезбедуваат од Буџетот на општината и од други извори на приходи.

**Член 63**

Општината може да востановува други награди и признанија.

## V. ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ И СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

### а) Информирање на граѓаните

**Член 64**

Органите на општината, комисиите на Советот на општината и јавните претпријатија и установи основани од општината ги информираат граѓаните за одлуките и своите активности кои се од непосредно значење за животот и работата на граѓаните во општината и за други информации од јавен интерес.

Граѓаните се информираат за:

- прописите кои ги донесува Советот на општината;
- начинот и условите за остварување на нивните права;
- обврските на граѓаните кои произлегуваат од надлежност на општината;
- плановите, проектите и програмите кои се во подготовка а се од значење за развојот на општината;
- услугите кои ги добиваат од јавните служби и општинската администрација и начинот на нивно добивање;
- приходите кои се остваруваат во општината и начинот на нивна распределба и трошење;
- јавните набавки;
- именувањето на директори и претставници во управните одбори на јавните претпријатија и установи и
- други информации кои произлегуваат од надлежноста на органите на општината и јавните претпријатија и установи во согласност со закон.

**Член 65**

Информирањето на граѓаните се врши редовно, без надоместок, преку:

- издавање службен гласник на општината;

- издавање и дистрибуција до граѓаните на месечни информативни билтени, весник и слично;
- објавување на публикации;
- информативни канцеларии водени од општинската администрација и јавните служби основани од општината;
- огласни табли (во простории на општината, јавните претпријатија и установи, месната самоуправа);
- веб сајт;
- јавни трибини;
- средствата за јавно информирање и
- на друг соодветен начин кој е најповолен за информирање на јавноста.
-

**Член 66**

Информирањето на граѓаните се врши на македонски јазик и кирилско писмо.

Советот на општината со посебна одлука може да утврди за одредени информации да се информира и на јазикот кој не е службен јазик во општината, а го зборуваат дел од жителите на општината.

**б) Слободен пристап до информациите од јавен карактер**

**Член 67**

Во општината се обезбедува правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располагаат органите на општината (Советот и Градоначалникот), јавните претпријатија и установи основани од општината и правни и физички лица кои вршат јавни овластувања доверени од општината (во натамошниот текст: имatели на информации).

По исклучок, во случаи утврдени со закон, правото на слободен пристап до некои информации со кои располагаат имателите на информации од став 1 на овој член, може да биде ограничен или да се обезбеди делумен пристап.

**Член 68**

За информации со кои располагаат и до кои се обезбедува слободен пристап, имателите на информации востановуваат и водат листа на информации која се објавува на начин кој е достапен за барателите на информации.

За листата на информации и условите и начинот на слободен пристап до информациите, граѓаните се известуваат преку огласна табла или на друг погоден начин.

Имателите на информации се должни редовно на секои три месеци да ја ажурираат листата на информации од јавен карактер со кои располагаат.

Листата на информации од јавен карактер за органите на општината ја предлага Градоначалникот, а ја утврдува Советот.

Листата на информации од јавен карактер за јавните претпријатија и установи основани од општината ја утврдува управниот одбор на предлог на директорот.

**Член 69**

Постапката за остварување на правото на слободен пристап до информации се остварува во согласност со закон.

Градоначалникот на општината создава услови и презема мерки пропишани со закон, за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат Советот на општината и администрацијата.

Директорот на јавното претпријатие и јавната установа основана од општината, создава услови и презема мерки пропишани со закон, за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат, согласно Статутот на претпријатието и установата.

**Член 70**

Слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат имателите на информации, имаат сите правни и физички лица (во натамошниот текст: барател на информацијата).

Слободниот пристап до информации се остварува во законски утврдениот рок:

- со увид во документите со кои располага имателот на информацијата; и
- со добивање препис, фотокопија или електронски запис од документите со кои располага имателот на информацијата.

Имателот на информацијата за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информациите определува службено лице.

**Член 71**

Барателот на информацијата за извршениот увид или добиениот препис, фотокопија од електронски запис на информацијата, плаќа соодветен надоместок во висина на материјалните трошоци, утврдени на начин уреден со закон.

Барателот на информацијата при поднесувањето на барањето се известува за плаќањето и висината на соодветниот надоместок.

**Член 72**

Барателот на информација има право на жалба до надлежниот орган за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, доколку имателот на информацијата не ја достави бараната информација.

**Член 73**

Советот на општината усвојува годишен извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информациите во минатата година во општината.

Годишниот извештај за остварувањето на слободен пристап до информации го подготвува Градоначалникот на општината и го доставува до Советот, најдоцна до 31 јануари во тековната година.

Извештајот од став 1 на овој член ги содржи и податоците за остварениот слободен пристап до информациите со кои располагаат и јавните служби кои ги формира општината.

Извештајот од ставот 1, по усвојувањето се доставува до надлежниот орган за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

## VI. ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА ОД СЕДНИЦИТЕ НА СОВЕТОТ

**Член 74**

Советот може да работи без присуство на јавноста само во случаи определени со закон и овој статут, како и кога тоа ќе го предложат Градоначалникот, Претседателот на Советот или најмалку 1/3 (третина) членови на Советот.

Исклучувањето на јавноста може да се бара, кога прашањето за кое се расправа има допирни точки со јавниот морал; кога може да ги загрози интересите на определена личност или има допирни точки со одбраната и сигурноста на граѓаните.

По предлогот од став 1 на овој член, Советот одлучува без претрес, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

## VII. ОБЛИЦИ НА УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ

**Член 75**

Граѓаните непосредно учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење преку граѓанска иницијатива, собири на граѓани и референдум, на начин и постапка утврдени со закон.

## VIII. ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ

**Член 76**

Физичките и правните лица имаат право да поднесуваат претставки и предлози што се однесуваат на работата на органите на општината и администрацијата.

**Член 77**

Претставките и предлозите се поднесуваат во писмена форма или усно на записник пред овластено лице во администрацијата.

За претставките и предлозите не се плаќа такса.

**Член 78**

Подносителот не смее да трпи штетни последици поради поднесувањето претставка или предлог, ниту поради тоа може да биде повикан на одговорност.

**Член 79**

Градоначалникот, во зависност од содржината на претставката, односно предлогот овластува еден или повеќе службеници да постапат по претставката, односно предлогот.

Постапувањето по претставката, односно предлогот опфаќа прибирање на податоци, известувања и мислења за околностите што се од значење за правилно оценување на основаноста на претставката или за оправданоста на предлогот, како и преземање на потребни мерки за отстранување на евентуална повреда на правото на подносителот или повреда на јавен интерес.

**Член 80**

Градоначалникот е должен во што е можно покус рок, а најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на претставката, односно предлогот, на подносителот да му достави одговор.

**IX. ЈАВНИ ТРИБИНИ, АНКЕТИ И ПРЕДЛОЗИ ОД ГРАЃАНИТЕ И ФОРУМИ НА ЗЕДНИЦИТЕ**

**Член 81**

Органите на општината, заради утврдување политика во определена област, преземање мерки за разрешување на прашања и проблеми од значење за граѓаните од подрачјето на општината, како и при предлагање на одредени акти од своја надлежност може да организираат јавна трибина, да спроведат анкета или да прибираат предлози од граѓаните.

Видот, постапката, начинот и времето на организирање на формите на непосредно учество на граѓаните од став 1 на овој член, се уредува со акт на органот што ја организира.

За организирањето јавна трибина, спроведувањето анкета и прибирањето предлози од граѓаните се објавувава соопштение во средствата за јавно информирање, во кое се назначува видот, целта, предметот и други податоци важни за организирање на соодветната форма на непосредно учество на граѓаните и се повикуваат заинтересираните за учество во истите.

Организирањето јавна трибина, спроведувањето анкета и прибирањето предлози од граѓаните, може да се врши во соработка со други општини и со облиците на месна самоуправа.

За јавната трибина, анкетата или предлозите на граѓаните се изготвува извештај.

**Член 82**

При организирање јавна трибина, спроведување анкета и прибирање предлози од граѓаните ќе се обезбеди:

- текст на документот или нацрт на одлука и друг општ акт објавен на погоден начин за да им биде достапен на граѓаните и на други заинтересирани субјекти;
- собирање и разгледување на мислењата и предлозите што биле изнесени и
- изготвување на извештај.

**Член 83**

Начинот и постапката на организирањето јавна трибина, спроведувањето анкета и прибирањето предлози од граѓаните се уредува со Деловникот.

**Член 83-а**

Градоначалникот на општината и Советот на општината по сопствена иницијатива организираат форуми на заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во единицата на локалната самоуправа, заради јавно расправање за проблемите и утврдување решенија и приоритети, предлагање и избор или развивање на проекти од интерес на заедницата.

Организирањето на форумите опишани во претходниот став од овој член, може да се покрене и на иницијатива на заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да подржат проекти во интерес на единицата на локалната самоуправа.

Барањето од ставот 2 на овој член, се поднесува до Градоначалникот на општината, кој врз основа на стратешките документи и цели за развој на единицата на локалната самоуправа, одлучува дали иницијативата ќе биде прифатена или одбиена.

Начинот и постапката на функционирањето на форумите на заедницата се уредува со Правилник за организирање и одржување на форумите на заедницата во Општина Гази Баба, што го донесува Советот на општината, по предлог на Градоначалникот.

## X. ИЗВРШУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА ВО ВОЕНА СОСТОЈБА, ВО ВОНРЕДНА СОСТОЈБА, ВО КРИЗНА СОСТОЈБА И ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

### Член 84

Во воена, вонредна и кризна состојба, органите на општината:

- продолжуваат да ги извршуваат работите утврдени со закон и
- преземаат мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра на своето подрачје од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив.

Општината се подготвува за извршување на обврските од став 1 на овој член преку:

- планирање и организирање на мерките за заштита и спасување за свои потреби;
- формирање единици и штабови за цивилна заштита, во согласност со закон и прописи засновани на закон;
- обучување за одбрана, односно вклучување во активности за стекнување на неопходни воено-стручни и други знаења за учество во одбраната;
- преземање мерки, активности и постапки за заштита и чување на тајноста на податоците, информациите и документи од областа на одбраната, во согласност со закон и прописите засновани на закон и
- координација и соработка со другите општини.

## XI. НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОПИСИТЕ НА СОВЕТОТ

### Член 85

Прописите на Советот се објавуваат во службеното гласило на Општината, пред да влезат во сила, со Решение од Градоначалникот.

Службено гласило на Општината е "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Во службеното гласило на Општината може да се објавуваат и прописите на други општини.

**Член 86**

Прописите на Советот влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а по исклучок што го утврдува Советот, најрано со денот на објавувањето.

Прописите на Советот можат да влезат во сила и во покус рок од осум дена ако:

- причините поради кои се предлага донесувањето на прописот и целите што се сака да се постигнат со неговото донесување се од итен и неодложен карактер;
- не создаваат материјални обврски за граѓаните и правните лица;
- прашањата што се регулираат се од сферата на одбраната, заштитата и спасувањето и сл.;
- тоа го налагаат начелата на целисходност, рационалност, ефикасност, економичност, оперативност и сл.

**XII. МЕСНА САМОУПРАВА**

**Член 87**

Граѓаните во општината одлучуваат за работите од непосредно и секојдневно значење од својот живот и работа и преку облици на месна самоуправа кои можат да ги основаат согласно со овој Статут.

**Член 88**

Во општината како облици на месна самоуправа можат да се основаат:

- во градот - урбани заедници; и
- во населените места - месни заедници.

**Член 89**

Подрачјето за кое се основаат урбаните заедници се границите на урбаните единици утврдени со урбанистичкиот план на градот.

Подрачјето за кое се основаат месните заедници се границите на катастарските општини на населените места.

**Член 90**

Иницијатива за основање облици на месна самоуправа можат да покренат најмалку 10 % од граѓаните со право на глас, жители на подрачјето за кои има интерес за основање на облик на месна самоуправа.

**Член 91**

Иницијативата за основање содржи: подносител, опис на подрачјето за кое се бара основање на обликот на месна самоуправа, образложение на потребите за основање и потпис на заинтересираните граѓани.

**Член 92**

Одлуката за основање на облик на месна самоуправа се донесува на Собир на граѓани од соодветното подрачје со право на глас, по пат на јавно гласање со мнозинство гласови од присутните граѓани.

Собирот на граѓани од претходниот став на овој член го свикува градоначалникот на општината, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката.

**Член 93**

Граѓаните преку облиците на месна самоуправа, во согласност со овој Статут и одлуките за основање се грижат за:

- решавање на прашања од комунална инфрастрктура за соодветното подрачје;
- одржување на објектите од јавен интерес (водоводи, улици, културни домови, спортски објекти и др.);
- заштита на животната средина и природата;
- уредување и одржување на гробиштата во селските населби;
- покренување иницијатива за уредување на просторот;
- организирање културни, спортски, забавни и други манифестации; и
- други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

Советот на облиците на месната самоуправа дава иницијативи и предлози до надлежните органи на општината, за прашања од областа на образованието, здравството, социјалната заштита и други прашања од интерес на граѓаните.

**Член 94**

Работите од членот 93 на овој Статут се финансираат од:

- средствата што општината ќе им ги одстапи на облиците на месна самоуправа согласно со плановите и програмите за нивниот развој;
- средства што граѓаните непосредно ги здружуваат;
- средства што ќе ги издвојат заинтересираните правни и физички лица;
- средства од надомест на услуги и
- подароци и други средства.

Прибирањето и трошењето на средствата од ставот 1 се врши преку буџетот на Општината.

**Член 95**

Орган на облиците на месна самоуправа е Советот.

Советот на облиците на месна самоуправа го избираат граѓаните на обликот на месната самоуправа на собир на граѓани со јавно гласање, доколку Собирот не одлучи гласањето да биде тајно.

Советот на облиците на месна самоуправа е составен од 5 (пет) до 11 (единаесет) члена.

Мандатот на членовите на Советот на месната самоуправа трае 4 (четри) години.

**Член 96**

Одлука за распишување на избори за членови на Советот на облиците на месна самоуправа донесува Советот во стариот состав, најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот.

Ако Одлуката од став 1 на овој член не се донесе во утврдениот рок Одлука за распишување за избор на членови на Советот на облиците на месната самоуправа, донесува Собирот на граѓани.

**Член 97**

Предлагање и утврдување на кандидати за членови на Советот на облиците на месна самоуправа се врши на Собир на граѓани, доколку присуствуваат најмалку 3% за урбани заедници и 5% за месни заедници од граѓаните со право на глас, жители на соодветната урбана односно месна заедница.

За утврдени се сметаат кандидати кои добиле мнозинство, односно најголем број гласови од присутните граѓани на собирот.

**Член 98**

Постапка за предлагање, утврдување и избор на членови на Советот на облиците на месна самоуправа поблиску се уредува со Правилата за работа на обликот на месна самоуправа, донесени од Советот на општината, во рок од 60 (шеесет) дена од денот на донесувањето на Статутот на општината.

**Член 99**

За избрани членови на Советот на облиците на месна самоуправа се сметаат кандидатите кои добиле мнозинство односно најголем број на гласови од избирачите кои гласале.

**Член 100**

Советот на облиците на месна самоуправа од редот на своите членови избира претседател кој го претставува и застапува обликот на месната самоуправа.

**Член 101**

Градоначалникот на општината, со решение може да делегира вршење на определена работа од непосреден интерес и секојдневно значење за животот и работата на жителите.

Средствата потребни за извршување на работите од ставот 1 на овој член, се утврдуваат во решението за делегирање на надлежноста.

Со решението се определува органот и начинот на вршење на надзор над извршувањето на работите од ставот 1 на овој член.

**Член 102**

Општинската администрација ги врши стручните, административно-техничките и сметководствено финансиските работи на органот во обликот на месната самоуправа.

Контрола над трошењето на средствата што ќе бидат пренесени за извршување на делегираните надлежности врши општинската администрација.

**Член 103**

Општината води евиденција на облиците на месна самоуправа основани на нејзиното подрачје.

## XIII. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ГРБОТ И ЗНАМЕТО

**Член 104**

Иницијатива за изменување на грбот и знамето на Општина Гази Баба можат да поднесат минимум 1/2 од вкупниот број на членови на Советот или Градоначалникот.

Советот, постапувајќи по иницијативата од став 1 на овој член, може со одлука да ја утврди оправданоста од изменување на грбот и знамето на општината, како и да се пристапи кон почнување на постапка за нивно изменување.

Одлуката од став 1 на овој член, Советот ја донесува со мнозинство гласови од присутните членови на Советот.

Во случај на неприфаќање на иницијативата од став 1 на овој член, нова иницијатива за изменување на грбот и знамето на општината не може да се поднесе пред истек на време од 1 (една) година од денот на одржувањето на седницата на Советот на која не е прифатена иницијативата.

**Член 105**

За изменување на грбот и знамето на Општина Гази Баба, Советот распишува конкурс за идејно решение и образува комисија.

**Член 106**

Комисијата од пристигнатите трудови по објавениот конкурс утврдува предлог за грб односно знаме и го доставува до Советот на усвојување.

**Член 107**

Советот одлучува по предлогот на комисијата со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот.

## XIV. ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ

**Член 108**

Иницијатива за изменување и дополнување на Статутот на општината може да поднесе член на Советот, комисија на Советот, Градоначалникот и најмалку 10% од граѓаните со право на глас, жители на подрачјето на општината.

По иницијативата за изменување и дополнување на Статутот одлучува Советот.

**Член 109**

По прифаќањето на иницијативата за изменување и дополнување на Статутот, Градоначалникот изготвува предлог на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот.

## XV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 110**

Имателите на информации од членот 67 на овој Статут, се должни во рок од шест месеци од денот на донесувањето на овој Статут да ја донесат и објават листата на информации од членот 68 на овој Статут.

**Член 111**

Градоначалникот на општината во рок од три месеци од денот на донесувањето на овој Статут, согласно актот за организација на општинската администрација, ќе распореди државен службеник од администрацијата кој ќе ги извршува работите на посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

**Член 112**

Во рок од 3 месеци од денот на влегување во сила на овој Статут, општината ќе ги воведе во евиденција постојните облици на месна самоуправа, основани во согласност со Статутот на општината.

**Член 113**

Со влегување во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на Општината Гази Баба бр.09-441/6 од 24.09.1997 година ("Службен гласник на Град Скопје", бр.11/97).

**Член 114**

Овој Статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Статутарно-правна комисија**
С К О П Ј Е

По извршеното срамнување на изворниот текст на Правилата за изменување и дополнување на Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба, бр.07-5006/6 од 22.12.2014 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/14), донесени на Дваесет и петтата седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 22.12.2014 година, сторена е техничка грешка, поради што согласно член 123 став (1) алинеја 6 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Статутарно-правната комисија на Советот на Општина Гази Баба, ја дава следната

**И С П Р А В К А**

1. Во Правилата за изменување и дополнување на Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба, бр.07-5006/6 од 22.12.2014 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/14)

- Во член 3 став (2) стои: "член 2 став (1)", треба да стои: **"член 10 став (1)"** ;

- Во член 4 став (1) стои: "се додава нов став 2 кој гласи", треба да стои **"се додаваат два нови става (2) и (3) кои гласат:"**;

- Во член 6 став (2) и став (3) стои: "член 1 став (3)" треба да стои **"член 9 став (4)"** .

2. Оваа исправка ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба", и станува составен дел на Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 14/14).

**СТАТУТАРНО - ПРАВНА КОМИСИЈА**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Статутарно - правна комисија**
С К О П Ј Е

Статутарно-правната комисија на Советот на Општина Гази Баба, на седницата одржана на 16.01.2015 година, го утврди Пречистениот текст на Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба

Пречистениот текст на Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба ги опфаќа: Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06) и Правилата за изменување и дополнување на Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/14), во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

**Број 07-143/1**
**од 16.01.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СТАТУТАРНО - ПРАВНА КОМИСИЈА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

# ПРАВИЛА

# ЗА РАБОТА НА УРБАНИТЕ И МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**(пречистен текст)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овие правила се уредува работата на Урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба (во натамошниот текст: облици на месна самоуправа).

**Член 2**

Подрачјето за кое се основаат Урбаните заедници се границите на Урбаните единици според Урбанистичкиот план на Градот.

Подрачјето за кое се основаат месните заедници се границите на катастарските општини на населените места, како и одредени населени места кои претставуваат целина, со Одлука на Советот на Општината.

**Член 3**

Урбаните и месните заедници се облик на месна самоуправа во рамките на правата и обврските утврдени со Закон, Статутот на Општината Гази Баба и овие Правила.

**Член 4**

Облиците на месната самоуправа, своите права и должности ги остваруваат согласно Законот, Статутот на Општина Гази Баба и овие Правила.

**Член 5**

Облиците на Месната самоуправа меѓусебно соработуваат во рамките на Општината како и со Урбаните и месните заедници од други општини во Републиката.

Облиците на Месната самоуправа можат да здружуваат средства заради остварување на заеднич ките интереси врз основа на акт на здружување.

## II. НАДЛЕЖНОСТ, ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОБЛИЦИТЕ НА МЕСНАТА САМОУПРАВА

### а) Надлежност

**Член 6**

Заради решавање на прашањата од непосредно и секојдневно значење за животот и работата на жителите од подрачјето на облиците на месната самоуправа, согласно Статутот и овие Правила, граѓаните од облиците на Месната самоуправа се грижат за:

- Решавање на прашања од комунална инфраструктура во облиците на Месната самоуправа;
- Одржување на објекти од јавен интерес (водовод, улици, културни домови, спортски објекти и др.);
- Заштита на животната средина и природа;
- Покренување иницијатива за уредување на просторот;
- Организирање културни, спортски, забавни и други манифестации, и
- Други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

**Член 7**

Граѓаните од подрачјето на облиците на Месната самоуправа, работите од надлежноста на облиците на Месната самоуправа ги остваруваат преку органите на облиците на Месната самоуправа.

Делегираните работи од надлежност на Општината се извршуваат преку органите на облиците на Месната самоуправа.

**б) Органи на облиците на месната самоуправа**

**Член 8**

Орган на облик на Месна самоуправа е Советот на Урбаната односно Месната заедница.

Бројот на членовите на Советот на Урбаната односно месната заедница се утврдува во зависност од бројот на жителите во Урбаната односно Месната заедница, и тоа:

- до 1.000 жители - 5 членови,
- од 1.000 до 3.000 жители - 7 членови,
- од 3.000 до 5.000 жители - 9 членови, и
- над 5.000 жители - 11 членови

Мандатот на членовите на Советот трае 4 години.

**Член 9**

Одлука за распишување на избори за членови на Советот на обликот на месната самоуправа донесува Советот во стариот состав, најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот, а ќе се спроведат во рок од 20 до 30 дена од денот на распишувањето на изборите.

Ако Одлуката од став 1 на овој член не се донесе во утврдениот рок, Одлука за распишување избори на членови на Советот, донесува Собирот на граѓаните на обликот на Месната самоуправа.

Ако одлуката од став (1) на овој член не се донесе ниту на собирот на граѓаните на обликот на месната самоуправа од став (2) на овој член, одлука за распишување на избори донесува Градоначалникот на општината.

Градоначалникот на Општина Гази Баба, во рок од 5 дена од денот на приемот или донесувањето на одлуката за распишување на избори за членови на Советот на обликот на месната самоуправа, со решение именува најмалку по 1 (еден) државен службеник од општинската администрација за секој од облиците на месната самоуправа, кој задолжително присуствуваат и го набљудуваат изборниот процес, без можност за посредно и непосредно влијание врз самиот изборен процес, со основна задача да изготват извештаи за самиот тек на изборите и евентуалните неправилности (закани, уцени, принуди, заплашувања и други чинења и нечинења кои би довеле до мани во волјата на учесниците во изборниот процес) уредно да ги вметнат во извештаите, и веднаш без одлагање да ги достават до Градоначалникот и до Советот на Општина Гази Баба.

**Член 10**

Предлог на кандидат за член на Советот може да поднесе секој граѓанин од подрачјето на обликот на месната самоуправа, кој има избирачко право, најдоцна 7 (седум) дена пред денот определен за гласањето согласно одлуката за распишување на избори, во писмена форма.

Кон предлогот, кандидатот задолжително приложува валиден документ за лична идентификација на увид, и согласност за прифаќање на кандидатурата во писмена форма.

Предлогот се доставува до претседателот или секретарот на Советот на обликот на месната самоуправа, кој е должен да издаде оформена потврда за точниот датум и час на прием на предлогот.

Утврдување на предлозите за кандидати за членови на Советот на обликот на месната самоуправа, се врши на собир на граѓани, доколку присуствуваат најмалку 3% за урбани заедници и 5% за месни заедници од граѓаните со право на глас, жители на соодветната урбана односно месна заедница.

Утврдување на дополнителни предлози за кандидати за членови на Советот на обликот на месната самоуправа, на собирот на граѓани на самиот ден определен за гласањето согласно одлуката за распишување на избори, не е дозволено.

**Член 11**

За утврден кандидат се смета кандидатот кој во рокот од член 10 став (1) од овие правила, уредно поднел кандидатура за член на Советот на обликот на месната самоуправа.

**Член 12**

На изборниот собир на граѓаните, можат да се утврдат најмногу 2 пати повеќе кандидати од бројот на кандидати што се избираат за членови на Советот.

Доколку бројот на примени предлози за кандидати е повеќе од 2 пати од бројот на кандидати што се бираат во Советот на обликот на месната самоуправа, предност при утврдување имаат оние предлози кои се порано примени, што се докажува со точниот ден и час на прием на предлогот. Се задолжува претседателот или секретарот на Советот на обликот на месната самоуправа, конечната утврдена листа да ја објави на видно место во просториите за работа на Советот на обликот на месната самоуправа, најдоцна 3 дена пред денот определен за гласање, согласно одлуката за распишување на избори.

**Член 13**

Членовите на Советот се избираат со јавно гласање, доколку мнозинството од присутните на Собирот на граѓани на обликот на месната самоуправа не одлучи гласањето да биде тајно.

На денот определен за гласање, членовите на постоечкиот Совет на обликот на месната самоуправа, ја проверуваат просторијата определена за гласање и го проверуваат секој кој ќе дојде да гласа и на истиот ќе му биде дозволено да присуствува на собирот на граѓани и да гласа, само доколку има избирачко право и има валиден документ за лична идентификација, со кој се потврдува дека е со место на живеење во конкретната месна односно урбана заедница.

Членовите на Советот, се избираат со јавно гласање со мнозинство гласови од присутните граѓани на Собирот.

За секој кандидат се гласа поединечно по азбучен ред на презимето на предложениот кандидат.

Јавното гласање се спроведува со кревање рака, при што секој граѓанин може да гласа за повеќе кандидати.

**Член 14**

Тајното гласање го спроведува комисија од 3 члена која ја избира Советот.

Гласањето се врши со заокружување на најмногу онолку членови колку што треба да брои Советот на обликот на месната самоуправа.

**Член 15**

За избрани членови на Советот на облиците на месна самоуправа се сметаат кандидатите кои добиле мнозинство односно најголем број на гласови од избирачите кои гласале.

**Член 16**

Ако при гласањето за членови на Советот двајца или повеќе кандидати добијат ист број на гласови, гласањето се повторува за тие кандидати.

Ако при гласањето за членови на Советот, не се избере потребниот број членови на Советот, ќе се повтори постапката за избор на толку кандидати колку што не се избрани.

**Член 17**

Советот на обликот на месна самоуправа од редот на своите членови избира претседател со мандат од 4 години, кој го претставува и застапува обликот на месната самоуправа.

Мандатот на избраните членови на Советите на облиците на месната самоуправа, започнува од денот на усвојувањето на извештаите од спроведените избори во облиците на месната самоуправа, поднесени од именуваните државни службеници од член 9 став (4) на овие правила, од страна на Советот на Општина Гази Баба.

Доколку одреден извештај од спроведените избори во облиците на месната самоуправа, поднесен од именуван државен службеник, содржи евентуални неправилности таксативно наведени во член 9 став (4) од овие правила, Советот на Општина Гази Баба ќе донесе одлука за поништување на изборниот процес.

**Член 18**

Претседателот на Советот на обликот на месната самоуправа:

1. Ги свикува и раководи со седниците на Советот;
2. Се грижи за организацијата и работата на Советот, и
3. Ги потпишува актите што ги донел Советот.

**Член 19**

Градоначалникот на Општината, со решение може да делегира вршење на определена работа од непосреден интерес и секојдневно значење за животот и работата на жителите на претседателот на Советот на урбаната, односно месната заедница.

Средствата потребни за извршување на работите, од ставот 1 на овој член се утврдуваат во решението за делегирање на надлежноста.

Со решението се определува органот и начинот на вршење на надзор над извршувањето на работите од ставот 1 на овој член.

**в) Работа на Советот на обликот на Месната самоуправа**

**Член 20**

Првата седница на Советот ја свикува претседателот на Советот од претходниот состав во рок од 20 дена по одржувањето на изборите.

Доколку првата седница на Советот не се свика во рокот предвиден во ставот 1 од овој член, членовите на Советот можат сами да се свикаат и да одржат седница.

**Член 21**

На првата седница на Советот со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот избираат претседател на Советот на обликот на Месната самоуправа.

Претседателот на Советот се избира со јавно гласање доколку Советот не одлучи гласањето да биде тајно.

**Член 22**

Советот работи на седници.

Седниците на Советот ги свикува претседателот на Советот по потреба.

Претседателот на Советот е должен да свика седница ако тоа го бара мнозинство од вкупниот број на членови од Советот.

**Член 23**

Советот работи и одлучува со мнозинство од вкупниот број членови на Советот.

**Член 24**

На член на Советот, мандатот може да му престане во следниве случаи:

- со оставка,
- поради смрт,
- со промена на местото на живеење, и
- отсуство подолго од 6 месеци.

Престанокот на мандатот на член на Советот, Советот го констатира без расправа.

**Член 25**

Во случај на престанок на мандат на член на Советот, се спроведуваат дополнителни избори.

**Член 26**

Советот на обликот на Месната самоуправа:

- Донесува Програма за работа на обликот на месната самоуправа;
- Се грижи за решавање на прашања од комунална инфраструктура за подрачјето на Урбаната заедница;
- Се грижи за одржувањето на објектите од јавен интерес /водоводи, улици, културни домови, спортски објекти и друго;
- Се грижи за заштита на животната средина и природата;
- Покренува иницијатива за уредување на просторот;
- Организира културни, спортски, забавни и други манифестации; и
- Се грижи за други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

## III. ИМОТ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ОБЛИКОТ НА МЕСНАТА САМОУПРАВА

**Член 27**

Со имотот на обликот на месна самоуправа располага и стопанисува во јавен интерес и како добар домаќин Советот на обликот на месната самоуправа.

**Член 28**

Во правниот промет обликот на месната самоуправа настапува до висина на вредноста на имотот со кој располага.

За купување, оттуѓување и оптоварување на имотот на обликот на месната самоуправа, одлучува Советот на обликот на месната самоуправа.

**Член 29**

Работите од надлежност на обликот на месната самоуправа се финансираат од:

- Средствата што Општината ќе им ги отстапи на облиците на месна самоуправа согласно со плановите и програмите за нивниот развој;
- Средства што граѓаните непосредно ги здружуваат;
- Средства од надомест на услуги; и
- Подароци и други средства.

Прибирањето и трошењето на средствата од алинеа 1 се врши преку буџетот на Општината.

Доверените работи од надлежност на Општината се финансираат од страна на Општината.

**Член 30**

Надзор над материјално-финансиското работење на обликот на месната самоуправа врши Комисија за надзор, именувана од Советот на обликот на месната самоуправа.

Комисијата за надзор е составена од претседател и два члена.

Комисијата за надзор поднесува извештај до Советот на обликот на месната самоуправа и го информира Советот на Општината.

**Член 31**

За делот на средствата што Општината ќе и ги отстапи на обликот на месната самоуправа согласно Програмата за нејзиниот развој, контрола над финансиското работење врши Општинската администрација.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 32**

Со влегувањето во сила на овие Правила за работа на облиците на месната самоуправа, престануваат да важат Статутите, односно Правилата за работа на Месните заедници од подрачјето на Општината Гази Баба.

**Член 33**

Овие Правила за работа на облиците на месната самоуправа влегуваат во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

# СОДРЖИНА

**ЗАКЛУЧОК** за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 4

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештајот на Верификационата комисија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6

**ОДЛУКА** за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 8

**ОДЛУКА** за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП ''Гази Баба – 2007'' – Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .10

**ОДЛУКА** за утврдување на почеток и завршеток на работното време во ЈУДГ ''ДЕТСКА РАДОСТ'' – Општина Гази Баба – Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 12

**ОДЛУКА** за утврдување на почеток и завршеток на работното време во ЈУДГ ''25 МАЈ'' – Општина Гази Баба – Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 14

**ОДЛУКА** за утврдување на приоритет за реализација на предложен проект – ''Изградба на резервоар за висока зона на систем за водоснабдување на село Раштак и изградба на примарна и секундарна водоводна мрежа за село Раштак'' . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 16

**ПРАВИЛНИК** за изменување и дополнување на правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 18

**ПРОГРАМА** за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2015 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 20

**ОДЛУКА** за надомест на материјална штета . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 51

**ОДЛУКА** за давање согласност за склучување на договор за вонсудско порамнување . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 53

**СТАТУТ** на Општина Гази Баба ( пречистен текст) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 57

**ИСПРАВКА** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 82

**ПРАВИЛА** за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба ( пречистен текст) . . . 83

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 01/15**
**26 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 20 примероци